# НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION

Записник

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 24/2022
15.03 2022 год.

На ден 15.03.2022 г. претседателот на Национална Пливачка Федерација го свика Управниот одбор со следниве точки на дневен ред:

За записничар е одреден Данило Мициќ.

Потврдено е присуството на членовите на Управниот одбор во следниот состав:

- Данило Мициќ
- Илија Стојановски
- Александар Филипчев
- Горан Стаменов
- Маријана Кочовска
- Горан Стојановски , како Претседател

од оправдани причини не беше присутен Далибор Димковски

1. Читање на записникот од минатиот состанок како и потпишување на одлуките донесени на Управниот одбор од 21.02.2022 г.
2. Увид во писмото доставено до НПФ од страна ПВК Орион за постигнатите резултати на пливачите Миа Блажевска Еминова и Јанковски Јован на Отвореното првенство на Србија одржано во Белград од 11.03.-13.03.2022 г. На истото првенство се поставени три државни рекорди во апсолутна категорија и кадетска категорија
3. По предлогот претходно доставен од страна на Одборот за пливање , Александар Филипчев го прочита Записникот составен за утврдување на календарот за пливање за предстојната 2022 год. Исто така доставени се и следниве предлози:

    a. Да се донесе Одлука за членарина за сите пливачи , членови во НПФ во висина од 100 денари
    b. По календарот прв митинг ќе се оддржи на 27.03.2022 година на базенот Борис Трајковски во организација на ПВК Делфин
    c. На 26.03.2022 да се организира прогласување на најдобрите пливачи во 2021 г.

4. Одборот за далечинско пливање исто така по излагање на Илија Стојановски го предложи нивниот календар за оддржување на натпревари.

*Контакт адреса: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Скопје,Р Северна Македонија*
*моб. +38970351977 e-mail: nacionalnaplivackafederacija@yahoo.com*

*www.pfm.com.mk*

5. Донесена е Одлука за определување на членарина во висина од 100 денари. Одлуката е едногласно донесена од сите присутни членови на Управниот одбор.
6. Едногласно се изгласани Календарите за пливање представени од Одборите за пливање.
7. Се изврши примопредавање на документацијата од претходниот претседател АЛександар Филипчев за период од 09.06.2019-16.04.2021г . За документацијата направен е записник во состав на следната Комисија:
    a. Горан Стојановски
    b. Маријана Кочовска
    c. Данило Мициќ

**Со Почит,**

Скопје, 15 Март 2022 година

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Горан Стојановски**

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

---------------------------